Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Македонија, врз основа на член 153 и член 160 од Судскиот деловник, како и членовите 31 и 37 од Деловникот на Врховниот суд на Република Македонија, а во врска со примената на член 566 и член 567 од Законот за кривичната постапка ("Сл.весник на РМ" бр.150/10 и бр.100/12), на седницата одржана на ден 27.12.2013 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К

По вонредните правни лекови поднесени во постапките што се започнати пред отпочнувањето на примената на Законот за кривичната постапка ("Сл.весник на РМ" бр.150/10 и бр.100/12), ќе се постапува и постапките по тие правни лекови ќе се завршат според одредбите на Законот за кривичната постапка ("Сл.весник на РМ" бр.15/97, 44/02, 74/04, 83/08, 67/09 и бр.51/11).

## О б р а з л о ж е н и е

Влегувањето во сила и започнувањето на примената на Законот за кривичната постапка ("Сл.весник на РМ" бр.150/10 и бр.100/12), создаде основ за разгледување и разрешување на одредени прашања релевантни за неговото функционирање во пракса.

Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Македонија,
имајќи ја предвид оваа состојба, закажа и одржа седница на ден 27.12.2013 година, на која предмет на разгледување беше прашањето поврзано со влегувањето во сила и започнувањето на примената на Законот за кривичната постапка ("Сл.весник на РМ" бр.150/10 и бр.100/12), особено преодните и завршните одредби содржани во глава XXXVIII.

Во Законот за кривичната постапка ("Сл.весник на РМ" бр.150/10 и бр.100/12), во преодните и завршните одредби - членовите 566 и 567 го регулираат прашањето на завршувањето на постапките започнати пред примената на овој закон, како и последицата од отпочнување со примената на истиот.

Имено, во член 566 од Законот за кривичната постапка ("Сл.весник на РМ" бр.150/10, и бр.100/12) е предвидено дека постапките започнати до отпочнувањето на примената на овој закон, ќе се завршат според одредбите на Законот за кривичната постапка ("Сл.весник на РМ" бр.15/97, 44/02, 74/04, 83/08, 67/09 и 51/11).

Според член 567 од истиот закон, со денот на отпочнувањето со примена на овој закон, престанува да важи Законот за кривичната постапка (“Сл.весник на РМ“ бр.15/97, 44/02, 74/04, 83/08 и 67/09), освен за постапките коишто се водат согласно со членот 566 на овој закон.

Содржината на член 566 од цитираниот закон, во контекст на низата измени, односно новопредвидени услови во врска со поднесувањето на одредени вонредни правни лекови и надлежноста на судовите во постапувањето по истите, иницира потреба од разрешување на прашањето за начинот, условите, како и за надлежноста на судовите пред кои ќе се завршат постапките започнати пред примената на Законот за кривичната постапка (“Сл.весник на РМ“ бр.150/10 и 100/12).

Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Македонија наоѓа дека членот 566 од Законот за кривичната постапка (“Сл.весник на РМ“ бр.150/10 и 100/12), подразбира дека постапката по вонредните правни лекови што се поднесени во рамките на кривичната постапка која започнала по одредбите на Законот за кривичната постапка (“Сл.весник на РМ“ бр.15/97, 44/02, 74/04, 83/08, 67/09 и бр.51/11), ќе се заврши според одредбите на тој закон.

Според ова, кога се работи за кривични постапки кои се започнати пред 01.12.2013 година – датумот на отпочнувањето на примената на Законот за кривичната постапка (“Сл.весник на РМ“ бр.150/10 и 100/12), Врховниот суд на Република Македонија ќе продолжи да постапува по вонредните правни лекови: барање за заштита на законитоста, барање за вонредно преиспитување на правосилна пресуда и барање за вонредно ублажување на казната, на начинот и под условите предвидени во Законот за кривичната постапка (“Сл.весник на РМ“ бр.15/97, 44/02, 74/04, 83/08, 67/09 и бр.51/11).

Ваквиот заклучок, Одделот за казниви дела на Врховниот суд на Република Македонија го темели на околноста дека на обвинетите мора да им биде овозможено да ги користат правата под услови и на начин загарантирани според законот кој важел во моментот кога започнала постапката, односно да им бидат достапни сите правни лекови под истите услови, како и во времето кога започнала и се водела постапката против нив. На овој начин, во потполност се обезбедува принципот на владеење на правото, како неопходен услов за правната сигурност.

**ОДДЕЛ ЗА КАЗНИВИ ДЕЛА**
**НА ВРХОВНИОТ СУД**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**